**ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Општина Центар**
**Горан Герасимовски**

**ИЗГОТВУВАЧ: Сектор за јавни дејности**
**Одделение за образование,**
**млади и спорт**

# ПРЕДЛОГ-ПРОГРАМА ЗА ОБРАЗОВАНИЕ НА ОПШТИНА ЦЕНТАР-СКОПЈЕ ЗА 2025 ГОДИНА

декември 2024 година, Скопје

**СОДРЖИНА**


1. ВОВЕД 3
2. НАЧИН И МЕТОДОЛОГИЈА НА ПОДГОТОВКАТА НА ПРОГРАМАТА 3
3. ЦЕЛНИ ГРУПИ И КРАЈНИ КОРИСНИЦИ 3
3.1 Општо – целни групи 3
3.2 Крајни корисници 3
4. ЦЕЛ (или ПРИОРИТЕТИ) НА ПРОГРАМАТА 4
4.1 Основни цели/приоритети 4
4.2 Специфични цели/приоритети 4
4.3 Одговорни сектори и одделенија 4
4.4 Поврзаност со други области и сектори 4
5. ПРОЕКТИ И АКТИВНОСТИ 5
5.1 Проекти 5
6. Кофинансирање на тековни трошоци......................................................................12
7. Финансиска поддршка на проекти и активности......................................................13
8. ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ И ПОКАЗАТЕЛИ НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА......................17
9. ФИНАНСИРАЊЕ..........................................................................................................18


## 1. ВОВЕД

Врз основа на член 22 став 1 точка 7 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 5/02), член 11 од Законот за основното образование („Службен весник на РМ" бр. 24/13) и член 26 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр. 1/06; 12/15; 9/19; 14/19; 1/21 и 11/21), Советот на Општина Центар-Скопје на ------седница, одржана на _________2024 година, донесе

**ПРЕДЛОГ-ПРОГРАМА за образование**
**на Општина Центар-Скопје**
**за 2025 година**

Процесот на едукација на човекот претставува стекнување знаења, вештини и способности за совладување на потребите (образовна компонента) и стекнување животни и работни искуства, формирање ставови, развивање критички однос кон работата, доброто, вредностите на светот околу него (воспитна компонента).

Современиот пристап укажува дека на образованието треба да се гледа како на инвестирање и процес што треба константно да се надградува. Поголемото инвестирање и подигнувањето на нивото на инвестирање се битен фактор во развојот на образованието.

## 2. НАЧИН И МЕТОДОЛОГИЈА НА ПОДГОТОВКАТА НА ПРОГРАМАТА

Проектите што се содржани во Програмата се подготвени во координација со директорите на основните училишта, со советниците од Општина Центар-Скопје и со Одделението за образование.

Во методологијата се користени наративните и финансиските извештаите од основните училишта.

## 3. ЦЕЛНИ ГРУПИ И КРАЈНИ КОРИСНИЦИ

### 3.1 Општо-целни групи

Програмата за образование на Општина Центар-Скопје за 2025 година ги таргетира ученичките/учениците, наставниците/наставничките, стручните и техничките служби од општинските основни училишта.

Исто така, со оваа Програма значително се опфатени и ученичките/учениците што доаѓаат од семејства во социјален ризик, со цел нивното образование да се реализира непречено. Во вонучилишните активности се опфатени сите ученици.

### 3.2 **Крајни корисници**

Ученички/ученици, наставнички/наставници, стручни и технички служби од општинските основни училишта.

## 4. ЦЕЛ (или ПРИОРИТЕТИ) НА ПРОГРАМАТА

### 4.1 Основни цели/приоритети

Еден од клучните предизвици на образовната политика и на образовниот систем во основните училишта на територијата на Општина Центар-Скопје во наредниот период ќе биде подобрувањето на квалитетот на воспитно-образовниот процес на младите во рамките на законските можности. Програмата ќе помогне во поттикнувањето и во негувањето на детската љубопитност, сознајните активности и креативноста, развивањето на мотивите и на условите за афирмирање на личноста на ученичката/ученикот. Исто така, целиме кон воспоставување европски принципи за образовен процес што треба дополнително да го стимулира развојот на децата, рамномерен пристап кон решавање на утврдените потреби во сите училишта, незаборавајќи на потребите на ниедно училиште, ниеден ученик.

### 4.2 Специфични цели/приоритети

4.2.1 Обезбедување квалитетна настава за ученичките/учениците во ООУ
4.2.2 Обезбедување чиста и здрава средина за работа
4.2.3 Обезбедување поквалитетни услови за инклузивно образование
4.2.4 Обезбедување здрав физички развој на ученичките/учениците
4.2.5 Мотивација и наградување на најдобрите
4.2.6 Обезбедување квалитетни воннаставни активности и неформално образование
4.2.7 Вклучување на родителите во процесот на образование
4.2.8 Развивање демократски капацитети кај ученичките/учениците
4.2.9 Поддршка на ученичките/учениците од семејства во социјален ризик
4.2.10 Надминување на социјалните разлики меѓу ученичките/учениците
4.2.11 Квалитетно исполнување на времето на ученичките/ учениците и надвор од училишните часови
4.2.12 Зголемување на безбедноста на ученичките/учениците за време на нивниот престој во училиштата
4.2.13 Збогатување на културно-забавниот живот на ученичките/учениците и наставничките/наставниците

### 4.3 Одговорни сектори и одделенија

1. Сектор за јавни дејности
2. Одделение за образование

### 4.4 Поврзаност со други области и сектори

Одделение за спорт и млади
Одделение за детска и социјална заштита
Одделение за култура

## 5. ПРОЕКТИ И АКТИВНО СТИ

## 5.1 Проекти

1. **Доделување стипендии на ученички/ученици од семејства во социјален ризик од општинските основни училишта**
   Специфична цел 4.2.9

На подрачјето на Општина Центар има осум основни училишта со повеќе од 4.800 ученички/ученици. Меѓу нив има ученички/ученици од социјално загрозени семејства што се истакнуваат по одредени предмети или области. Општина Центар смета дека социјалниот статус на овие талентирани деца не треба да претставува пречка за нивниот натамошен напредок.

Општина Центар предвидува финансиски средства што на овие ученички/ученици ќе им се доделуваат како стипендии, а нив ќе ги предлага училишна комисија според претходно утврдени критериуми за доделување стипендии. За секое основно училиште ќе се доделува по една стипендија, во согласност со критериумите.

**Целни групи:** ученички/ученици од социјално ранливи категории од општинските основни училишта

**Очекувани резултати:**

- учество на разни натпревари
- создавање вистински вредности и навики кај ученичките/учениците
- стимулирање на потенцијалот кај талентирани деца од семејства во социјален ризик

**Време на реализација**: континуирано во текот на учебната година (октомври-мај) 2024/2025 година

**Реализатор**: Одделението за образование - Општина Центар

**Вкупно средства: 230.000,00 денари**

2. **Доделување стипендии на талентирани ученички/ученици од општинските основни училишта во областа на науката, техниката и посебните вештини**
   Специфична цел 4.2.5

На подрачјето на Општина Центар има осум основни училишта со повеќе од 4.800 ученици. Голем број од нив се истакнуваат по одредени предмети во областа на науката и техниката. Тие, освен континуиран одличен успех (5.00), постигнуваат врвни резултати на општинските, регионалните, државните натпревари, како и на меѓународни натпревари и олимпијади (1, 2 и 3 место).

За овие ученички/ученици Општина Центар предвидува финансиски средства што ќе им се доделуваат како стипендии. Комисијата формирана од Градоначалникот ги утврдува критериумите за доделување стипендии, условите и начинот на пријавување на кандидатите, што ги исполнуваат критериумите.

**Целни групи:** талентирани ученички/ученици од општинските основни училишта

**Очекувани резултати:**

- учество на разни натпревари од повеќе области на науката, техниката и посебните вештини и претставување на училиштата од Општина Центар
- создавање вистински вредности и навики кај ученичките/учениците
- развивање, стимулирање и следење на талентот

**Време на реализација:** континуирано во текот на учебната година (октомври-мај) 2024/2025 година
**Реализатор:** Одделение за образование - Општина Центар
**Вкупно средства: 1.000.000,00 денари**

3. **Првенци на генерација - Награди за полуматуранти**
   Специфична цел 4.2.5

Имајќи предвид дека основното образование е темел на натамошното школување и интелектуален развој, Општина Центар предвидува награди за најдобрите од генерацијата, по еден/една ученичка/ученик од секое училиште. Оваа награда е предвидена со цел да се стимулираат младите за натамошен развој, како и постигнување успех на професионален план. Најдобрите ученички/ученици полуматуранти што училиштето ги избрало за првенци на генерација, по претходно утврдени критериуми на училиштето, Градоначалникот на свечен прием ги наградува за да ги мотивира.

**Целни групи:** ученички/ученици - првенци на генерација што го завршуваат основното образование во општинските основни училишта.
**Очекувани резултати:**
- стимулирање на натпреварувачкиот дух меѓу ученичките/учениците
- мотив за учество на разни натпревари
- создавање вистински вредности кај ученичките/учениците
- стимулирање за натамошен развој во образовниот процес

**Време на реализација:** мај 2025 година
**Реализатор**: Одделение за образование - Општина Центар
**Вкупно средства: 140.000,00 денари**

4. **Доделување награди на најдобрите наставнички/наставници и стручни соработници**
   Специфична цел 4.2.5

Воспитанието и образованието како педагошки процеси меѓусебно се условени и дијалектички поврзани. Условите во кои се реализира образованието ја определуваат и неговата цел, што значи: изградба и развивање врз база и по пат на пренесување и усвојување на научени знаења, интелектуални, работни, технички, производни, хигиенски, културни и други вештини и навики. Без квалитетен наставен кадар, нема квалитетно образование. Учителот е огледало, модел на позитивно однесување пред ученичките/учениците, тој е нивен пријател, другар и придружник низ детството и младоста. Од тие причини Општина Центар-Скопје сака да ги стимулира и да ги мотивира одделенските и предметните наставнички/наставници, како и стручни соработници за уште поголема посветеност во работата со учениците и за таа цел да ги награди најдобрите одделенски и предметни наставници и стручни соработници. Оваа година Општината ќе награди осум (8) одделенски и осум (8) предметни наставници и стручни соработници. Наставничкиот совет од секое училиште до Општината доставува Записник со предложени вкупно четири (4) кандидати, по двајца (2) кандидати од одделенска и двајца (2) кандидати од предметна

настава, а стручни соработници како кандидат влегува или во одделенска  или во предметна настава врз основа на претходно утврдени критериуми од Општината. Училиштето ја доставува целокупната документација до Архивата на општината. Комисијата ги разгледува и доставува Предлог и Решение до градоначалникот за избор на најдобри наставници од одделенска и предметна настава како и стручните соработници.

**Целни групи:** наставничкиот кадар и стручни соработници во основните општински училишта
**Очекувани резултати:**

- стимулирање на натпреварувачкиот дух меѓу наставничките/наставниците и стручни соработници
- мотив за учество на разни натпревари
- мотивација за поголем ангажман и посветеност на работата

**Време на реализација:** мај 2025 година
**Реализатор**: Одделение за образование - Општина Центар
**Вкупно средства: 550.000,00 денари**

5. **Следење на санитарно-хигиенската состојба во училишните кујни**
   Специфична цел 4.2.2

Проектот за санитарно-хигиенската состојба успешно се реализира во основните училишта во Општина Центар и финансиски е покриен од Општината. Во сите осум училишта во Општина Центар има кујни со трпезарии каде што се приготвува топол оброк и се служи храна за ученичките/учениците од прво до петто одделение, како и ужини за поголемите ученички/ученици.

Цел на овој проект е да се зголеми контролата врз храната, врз условите во кои се приготвува и врз персоналот што ја подготвува и ја служи. Контрола врши специјализирана медицинска установа, а по извршените увиди и земените брисеви таа е обврзана да ја информира Општината за состојбата во училишните кујни, како и да даде упатства за отстранување на евентуалните забелешки и пропусти.

**Целни групи:** ученички/ученици во основните училишта
**Очекувани резултати:**

- подобрување на квалитетот на храната
- подобрување на условите за приготвување и за служење храна

**Реализатор:** Општина Центар
**Вкупно средства: 150.000,00 денари**
**Овој проект ќе се реализира по пат на јавна набавка**

6. **Обезбедување на училишните објекти**
   Специфична цел 4.2.12

Целта на овој проект е да се подобри безбедноста на учениците за време на наставата, што претставува и еден од врвните приоритети на Општина Центар. Поради тоа, Општина Центар ќе го реализира обезбедувањето на училишните објекти од свои средства. Со тоа родителите ќе бидат ослободени од дополнителни трошоци за финансирање на обезбедувањето во училиштето.

**Начин на обезбедување на училишните објекти**

- Ангажирање лице за обезбедување на објектот од страна на училиштата. Планирани средства ке бидат префрлени на нивните сметки.

**Целни групи:** учениците и основните училишта
**Очекувани резултати:**

- подобрување на безбедноста на ученичките/учениците
- подобрување на условите за работа
- заштита на училишниот имот

**Време на реализација:** континуирано во текот на учебната година
**Реализатор**: Општина Центар
**Вкупно средства: 3.500.000,00 денари**

7. **Дејствувај за подобро орално здравје**
   Специфична цел 4.2.4

Оралното здравје или „Здравата уста" е од суштинско значење за да го задржи правилното функционирање на организмот и севкупното здравје и квалитет на животот. Оралното здравје претставува здравје на оралните ткива и ткивата што се поврзани со нив и овозможува лицата да ги извршува сите функции без никакви знаци на болест, непријатности или пречки. Со стоматолошката заштита се спречува настанување на орални заболувања или прогресија на веќе постојните заболувања на оралните ткива.

Денот на оралното здравје се одбележува на 20 март, датумот е избран затоа што децата имаат 20 млечни заби, а повозрасните треба да имаат 20 природни заби на крајот од својот живот. Целта на одбележувањето е подигнување на свеста, како и поттикнување на семејството и заедницата да преземат мерки за намалување на штетните последици што ги предизвикуваат оралните болести. На овој настан децата ќе научат како правилно се четкаат забите, како се одржува оралната хигиена и колку е важно оралното здравје.

Особено е важна грижата за оралното здравје во најраната возраст, кога се усвојуваат навиките. Оралните болести претставуваат проблем за децата и влијаат врз квалитетот на нивниот живот и целокупното здравје.

Оралното здравје е многу повеќе од убава насмевка.

**Целни групи:**

- децата од прво одделение во основните училишта на Општина Центар-Скопје

**Очекувани резултати:**

- -Преку овој настан децата ќе научат колку е важно одржување хигиена на оралното здравје, како правилно се четкаат забите, колку здравата храна придонесува за здрави заби и др. Тоа придонесува за зголемена информираност кај децата и стекнување знаења за здравите и правилните навики.

**Реализатор:**

- Сектор за јавни дејности - Одделение за образование, млади и спорт;
- Универзитет „Св. Кирил и Методиј"-Скопје, Стоматолошки факултет-Скопје

**Период на реализација**: март-мај 2025 година
**Вкупно средства**: **0,00 денари**

8. **Поддршка на ученици и наставници за учество на меѓународни натпревари, активности поврзани со промоција на училиштата и општината, како и дополнителна нивна едукација**

Специфична цел 4.2.5

Во основните училишта во Општина Центар има ученички/ученици и наставници со високи достигнувања во различни области. Покрај високите достигнувања на општинско, регионално и на државно ниво, тие учествуваат и на меѓународни натпревари и понекогаш постигнуваат многу високи резултати. Овие резултати се значајни и претставуваат промоција како за ученичките/учениците, наставниците и училиштата, така и за Општина Центар.

Општина Центар и досега наоѓаше начини да им помогне на овие ученички/ученици и да даде финансиска поддршка за нивно учество на меѓународни натпревари, како поттик за натамошна работа.

Средствата што ќе се доделуваат ќе може да се користат за превоз, котизација или за сместување на учесниците (ученички/ученици и наставници-ментори), како и за активности поврзани со промоција на училиштата и општината, и за дополнителна нивна едукација.

Износот што ќе се додели по ученичка/ученик, наставникот/наставничката не е дефиниран и ќе зависи од местото каде што се одржува натпреварот (оддалеченост), висината на котизацијата, други обезбедени средства и сл.

**Целни групи:** ученички/ученици и наставници со високи постигнувања во различни
**Очекувани резултати:**

- обезбедена финансиска поддршка за учество на натпревари на различно ниво
- поттик за натамошна работа и вложување на учениците

**Реализатор**: Општина Центар
**Вкупно средства: 300.000,00 денари**

9. **Награди за училишта**

Специфични цели 4.2.2, 4.2.4, 4.2.5, 4.2.11

Со цел да ја подигнеме свеста на ученичките/учениците, родителите и наставничките/наставниците за важноста на животната средина и рециклирањето, како модел за заштита на животната средина, ќе реализираме натпревар меѓу нашите осум основни училишта за најдобро уредена училница или кабинет со рециклирани материјали. Идејата е да ја мотивираме креативноста кај ученичките/учениците, родителите и наставничките/наставниците во создавањето корисен и пријатен амбиент за престој и активности од рециклиран материјал, а во исто време да ја потенцираме важноста на рециклирањето и да му дадеме втора шанса на веќе искористениот материјал.

Општината ќе објави конкурс за најдобро уредено училиште со рециклирани материјали во февруари тековната година, а оценувањето ќе биде во мај. Оценувањето ќе го врши комисија составена од вработени во Општината и советници од Советот на Општина Центар, експерти во областа на животната средина. Добитници ќе бидат три училишта и ќе бидат наградени со парична награда во висина од 50.000 денари за прво место, 30.000 денари за второ и 20.000 денари за трето место.

**Целни групи:**

- основни училишта во Општина Центар
- ученички/ученици, родители и наставен кадар од Општина Центар

**Очекувани резултати:**

- поттикната мотивираност и креативност кај ученичките/учениците, родителите и наставниот кадар за создавање здрава и корисна средина за нивен престој

**Реализатор**: Општина Центар

**Вкупно средства: 120.000,00 денари**

10. **Финансиска поддршка на општинските основни училишта на Општина Центар-Скопје за ангажирање дополнителен технички персонал – хигиеничари**

Општината, во координација со училиштата, редовно се грижеше за одржување на хигиената во училишните објекти. Имајќи ја предвид проблемите со кои се соочуваат училиштата, во согласност со протоколот пропишан од надлежните институции за одржување хигиена, Општината ќе обезбеди финансиска поддршка за ангажирање дополнителен технички кадар во основните училишта. Потребниот износ за нивен ангажман Општината ќе го префрли на сметка на училиштата. Ангажманот и понатамошната исплата ќе се одвива според постапките на училиштата, согласно надлежните законски процедури.

**Очекувани резултати:**

- подобрени хигиенски услови во училиштата
- зголемен број на вработени лица во секое училиште согласно потребите

**Реализатор**: Општина Центар

**Вкупно средства: 1.500.000,00 денари**

11. **Купување информатичка опрема**

Од својот буџет Општината ќе издвои средства за набавка на лаптопи, персонални компјутери, проектори, смарт табли и друга информатичка опрема за потребите на основните училиштата затоа што им недостигаат сопствени средства, со цел да се постигне поефикасно функционирање на наставата според новата концепција за основно образование.

**Очекувани резултати:**

- подобрување на образовниот процес во училиштата
- поголема ефективност во исполнувањето на целите на содржините од наставниот процес

**Реализатор:** Општина Центар

**Вкупно средства: 3.000.000,00 денари**

**Овој проект ќе се реализира по пат на јавна набавка**

12. **Одржување на училишните објекти**

Поради недостиг на сопствени средства, училиштата не се во состојба сами целосно да го финансираат одржувањето на училишните објекти. Поради тоа, Општината ќе им излезе во пресрет и по потреба ќе им доделува парични средства за интервенции во училишните објекти. Средствата ќе бидат распределени според потребите на општинските основни училишта.

**Очекувани резултати:**
- подобрување на условите во образованието во училиштата
- навремено санирање на недостатоците во училишните објекти

**Реализатор:** Општина Центар
**Вкупно средства: 500.000,00 денари**

13. **Денови на Општина Центар**

Планирани активности по повод роденденот на Општина Центар - 3 Ноември во кои ќе учествуваат учениците од сите осум општински основни училишта:

- Конкурс за најдобра ликовна творба
- Конкурс за најдобра литературна творба
- Доделување стипендии од областа на науката, спортот и културата

Општина Центар, односно Одделението за образование, за сите наведени активности формира комисии што ќе ги изберат најдобрите во овие категории, а Општина Центар ќе ги награди.

**Време на реализација:** ноември
**Реализатор:** Општина Центар
**Вкупно средства: 100.000,00 денари**

14. **Купување училишни ранци за сите првачиња**

Со овој проект се предвидува купување училишни ранци за првачињата во сите општински основни училишта во Општина Центар-Скопје. Учениците ќе ги добијат ранците на првиот училиштен ден.

**Време на реализација: септември**
**Реализатор: Општина Центар**
**Вкупно средства: 500.000,00 денари**
**Овој проект ќе се реализира по пат на јавна набавка**

15. **„Театарот, уметност на емоции"**

Театарот е најстара форма на уметничко изразување. Преку неа човекот спознава, рационализира, развива вештини за активно слушање, комуницира, прифаќа, се социјализира. Како посебна вид уметност, која во себе ги вклучува и музиката, танцот, гестот, мимиката, говорот, звукот и визуелното обликување, театарот е повеќе од само обично место за забава и релаксација.

Театарот претставува определен начин на живеење, размислување и општење.

Изучувањето на театарот и драмата од најрана возраст подразбира подобар процес на социјализација, развивање на психолошките карактеристики на детето. Театарот може да биде и е помошно средство за секој млад човек во процесот на неговото професионално определување во животот.

Имајќи го предвид фактот дека денес кога заедно со сите деца на овој свет живееме во ера на претерана технолошка развиеност, во која сè помалку е присутна реалната меѓучовечка комуникација, наспроти виртуелната, театарското образование ќе му понуди на младиот човек можност да се наврати и да го спознае совршенството на реалната комуникација.

Преку овој проект Општина Центар-Скопје предвидува низа методолошки дисциплини што имаат цел токму тоа: да се врати општењето, вистинската, реалната комуникација меѓу младите, да се поттикнат денешните млади луѓе да мечтаат, сонуваат, фантазираат и да патуваат.

Станува збор за проект што ќе се реализира во текот на јануари-март 2025 година и се однесува на избор на најдобра театарска претстава подготвена од учениците под менторство на нивните наставници по македонски јазик од осумте училишта на територија на Општина Центар. Најдобрата театарска претстава ќе биде избрана од Комисијата формирана од Градоначалникот, а ќе има можност да учествува на манифестацијата што ќе се одржи по повод Светскиот ден на театарот на 27 март 2025 година. Добитници ќе бидат три училишта и ќе бидат наградени со парична награда во висина од 30.000 денари за прво место, 20.000 денари за второ и 10.000 денари за трето место.

**Време на реализација:** јануари - март 2025 година

**Очекувани резултати:**

-Подготвени осум театарски претстави од основните училишта на територија на Општината

-Поттикнати уметнички, креативни потенцијали и способности за актерство кај учениците од училиштата во Општина Центар

**Целни групи:** ученици од основните училишта

**Реализатор**: Општина Центар и основните училишта на територија на Општина Центар-Скопје

**Вкупно средства: 60.000,00 денари**

### 16. **Купување на униформи за сите ученици од општински основни училишта**

Тргнувајќи од желбата да се намалат разликите меѓу учениците, од оваа година, општина Центар на секој ученик од прво до деветто одделение ќе му обезбеди комплет униформа. Во услови кога социјалните разлики се многу изразени, огромните разлики во финансиската моќ на родителите знаат да биде извор на поделби, па дури и булинг, Општина Центар излегува со мерка која треба да овозможи намалување на нееднаквостите во училиштето, и обезбедување на атмосфера во која учениците ќе можат целосно да се

фокусираат на своето образование, без разлика на својот економски статус. Униформата ќе се состои од пет памучни парчиња од кои две маици со јака, две маици со долги ракави со јака и дуксер со патент. Секоја наредна учебна година, Општина Центар на новите ученици ќе им овозможува бесплатни униформи, затоа што учениците заслужуваат еднаков третман и чувство на припадност во образовните институции.

**Целни групи:** ученици од општинските основни училишта
**Очекувани резултати:**
- олеснување на буџетот на семејствата
- еднаков третман и чувство на припадност во образовните институции

**Реализатор**: Општина Центар
**Вкупно средства: 11.000.000,00 денари**
**Овој проект ќе се реализира по пат на јавна набавка**

17. **Финансиска поддршка на општинските основни училишта на Општина Центар-Скопје за ангажирање дополнителни одделенски наставници за дневен престој**

Општината, во координација со училиштата ќе обезбеди финансиска поддршка за ангажирање дополнителни одделенски наставници за дневен престој во три основни училишта. Потребниот износ за нивен ангажман Општината ќе го префрли на сметка на училиштата. Ангажманот и понатамошната исплата ќе се одвива според постапките на училиштата, согласно надлежните законски процедури.
**Очекувани резултати:**
- зголемен број на вработени лица во секое училиште согласно потребите

**Реализатор**: Општина Центар
**Вкупно средства: 1.360.000,00 денари**

18. **„За сите деца"**

Секоја година Општина Центар организира Хуманитарни настани за потребите за ученици на која им е потребна финансиска помош за лекување во државава и во странство. Од оваа година Општината планира овие настани да прераснат во традиција, со одржување на повеќе хуманитарни акции за потребите на учениците од општинските основни училишта за прибирање финансиска помош при лекување.
**Целни групи:** ученици од општинските основни училишта
**Очекувани резултати:**
- олеснување на буџетот на семејствата

**Време на реализација:** континуирано
**Реализатор**: Општина Центар
**Вкупно средства: 0.00**

6. **КОФИНАНСИРАЊЕ НА ТЕКОВНИТЕ ТРОШОЦИ НА ОПШТИНА ЦЕНТАР**

**1.Систематски прегледи на наставниците**
Специфична цел 4.2.2

Во согласност со член 93 точка 1 од Законот за основното образование („Службен весник на РМ" бр. 24/13), вработените во основните училишта мора да бидат систематски прегледани. Поради недостиг на финансиски средства во училиштата, Општина Центар ќе обезбеди здравствени прегледи за вработените во основните училишта. Целта на систематските прегледи за наставничките/наставниците е да се утврди евентуална појава на професионална болест, болест во врска со работата или други оштетувања на здравјето што претставуваат пречка во натамошното извршување на работата на наставниот кадар во основните училишта во Општина Центар. За таа цел од буџетот ќе бидат одвоени средства и ќе бидат префрлени на сметка на училиштата за спроведување јавна набавка за избор на медицинска установа што врши систематски прегледи.

**Целни групи:** вработени (наставен, стручен кадар и помошно-технички персонал) од општинските основни училишта
**Очекувани резултати:**
- обезбедени здравствени прегледи за вработените во основните училишта
- создавање здрави услови за работа во училиштата

**Реализатор**: Општина Центар
**Вкупно средства: 300.000,00 денари**
**Овој проект ќе се реализира по пат на јавна набавка**

**2.Средства за хигиена**
Специфична цел 4.2.2

Хигиената во училиштата, а со тоа и здравјето на учениците и на вработените во основните училишта е приоритет за Општина Центар. За таа цел Општината, во согласност со Програмата, спроведува јавна набавка на средства за хигиена.

Години наназад Општина Центар редовно одвојува финансиски средства за набавка на средства за хигиена за училиштата и кои ќе се следат според потреби и просек на средства по ученик и по големина на објект.
**Целни групи:** ученички/ученици и вработени во општинските основни училишта
**Очекувани резултати:**
- подобрена хигиена во сите општински основни училишта

**Реализатор**: Општина Центар
**Вкупно средства: 1.000.000,00 денари**
**Овој проект ќе се реализира по пат на јавна набавка**

3. **Плаќање сметки за централно греење**
Специфични цели 4.2.4 и 4.2.2

Со оглед на фактот дека не се доволни средствата од блок дотациите што се трансферираат од Министерството за образование и наука на Република Северна Македонија за плаќање на комуналните трошоци на училиштата, Општина Центар ќе врши доисплата на сметките за парно греење. За таа цел на училиштата ќе им бидат префрлени средства со кои ќе може да ги намируваат трошоците за греење.

**Целни групи:** основни училишта
**Реализатор**: Општина Центар
**Вкупно средства: 12.000.000,00 денари**

4. **Плаќање сметки за вода и ѓубретарина**
   Специфични цели 4.2.4 и 4.2.2

Со оглед на фактот дека не се доволни средствата од блок дотациите што се трансферираат од Министерството за образование и наука на Република Северна Македонија за плаќање на сметките за вода и ѓубретарина, Општина Центар ќе врши доисплата за нив. За таа цел на училиштата ќе бидат префрлени средства со кои ќе може да ги намируваат трошоците настанати во текот на годината.

**Целни групи:** основни училишта
**Реализатор**: Општина Центар
**Вкупно средства: 600.000,00 денари**

5. **Плаќање сметки за електрична енергија**
   Специфични цели 4.2.4 и 4.2.2

Со оглед на фактот дека не се доволни средствата од блок дотациите што се трансферираат од Министерството за образование и наука на Република Северна Македонија за плаќање на сметките за електрична енергија, Општина Центар ќе врши доисплата за нив. За таа цел на училиштата ќе им бидат префрлени средства со кои ќе може да ги намируваат трошоците настанати во текот на годината.

**Целни групи:** основни училишта
**Реализатор:** Општина Центар
**Вкупно средства: 2.000.000,00 денари**

6. **Трошоци за лични асистенти - „Образование за сите"**
   Специфична цел 4.2.3

Проектот „Образование за сите" се реализира со соработка меѓу Општина Центар и Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија.

Проектот што го реализира Општина Центар предвидува давање поддршка на децата со попреченост во образовниот процес. Имајќи предвид дека е сè поголем бројот на ученички/ученици со каков било вид попреченост (физичка, психофизичка и психичка), со проектот „Образование за сите" е предвиден ангажман на 30 лица како лични асистентки/асистенти што ќе бидат со таргетираните ученички/ученици цела работна недела по 4 часа во текот на денот.

Личните асистентки/асистенти се обврзани да ги реализираат следниве активности:

- Помош при движење низ училишните простории (училници, кабинети, фискултурна сала, кујна, тоалет)

- Помош при користење дидактички материјал во текот на наставата
- Помош при извршување на училишните обврски на ученичката/ученикот
- Олеснување на комуникацијата со наставничките/наставниците и со соученичките/соучениците
- Помош во домашни услови со физичко присуство и настава од далечина

Крајни корисници на овој проект се 30 ученички/ученици со попреченост во основните училишта на територијата на Општина Центар, а за кои постои наод и мислење за видот и степенот на попреченост и чии родители дале согласност за вклучување на нивните деца во проектот.

**Целни групи:**
- ученички/ученици со попреченост од основните училишта,
  долгорочно невработени лица евидентирани во АВРМ

**Очекувани резултати:**
- овозможување услови за вработување на невработени лица
- подобрување на работните вештини на долгорочно невработени лица
- подобрена социјална инклузија на ученички/ученици со попреченост во училиштата
- подобрена комуникација помеѓу ученичките/учениците и подобрени услови во одделенијата каде што има ученички/ученици со ПОП

**Реализатор**: Општина Центар и АВРМ
**Вкупно средства: 4.000.000,00 денари**

7. **КОНКУРС ЗА ФИНАНСИРАЊЕ ПРОЕКТИ ЗА ВОННАСТАВНИ АКТИВНОСТИ ЗА УЧЕНИЦИ, НАСТАВНИЦИ И РОДИТЕЛИ ОД ЗНАЧЕЊЕ ЗА ОПШТИНАТА**

Општината презема обврска за финансиска поддршка на проекти и активности преку обезбедување финансиски средства за различни сегменти во областа на образованието:
1. Поддршка во процесот на инклузија и работа со деца и млади без родители и родителска грижа
2. Осмислување и реализација на проектни активности за развој на вештини и подобрување на квалитетот на социјалниот живот на децата за време на летниот распуст
3. Обуки за подобрување на капацитетите на наставничките/наставниците и на членовите на стручните служби во училиштата
4. Активности за рано откривање на деформитети, т.е. искривувања на 'рбетниот столб
5. Подобрување на вештини за ликовно изразување, креативност и други вештини и таленти
6. Обука на наставниот и на стручниот кадар во редовните основни училишта за ефикасно функционирање на инклузијата на учениците со попреченост
7. Булингот во основните училишта
8. Ментално здравје
9. Улогата на наставниците и стручните соработници во пренесување на вредностите и моралните норми кај младите.
10. Позитивно родителство и ментално здравје на децата и младите

**Целни групи:** ученици, наставници и родители од основните училишта
**Очекувани резултати:**

- обезбедување услуги за учениците, наставниците и родителите надвор од наставниот процес, а за кои се покажала потреба од реализација

**Реализатор**: Општина Центар
**Вкупно средства: 250.000,00 денари**
**Овој проект ќе се реализира по пат на јавен повик**

## 8. ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ И ПОКАЗАТЕЛИ НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА

1. Мотивирани ученички/ученици и наставнички/наставници
2. Подобрен квалитет на наставата
3. Инклузија на сите ученици
4. Подобрени услови за работа
5. Здрави и добро воспитани и образувани ученички/ученици
6. Еднакви можности за сите социјални категории
7. Безбедна средина за учење и дружење

## 9. ФИНАНСИРАЊЕ

Финансирањето на активностите утврдени со оваа Програма во износ од **44.160.000,00** денари е предвидено со Буџетот на Општина Центар за 2025 година.

Определени финансиски средства може да бидат обезбедени и од спонзорства и од донации.

За активностите од областа што ги опфаќа Програмата, а кои во својата актуелност, квалитет и општествен интерес ќе се појават во текот на 2025 година ќе бидат предвидени дополнителни финансиски средства од Буџетот на Општина Центар.

При реализација на Програмата ќе се води родова статистика со цел во иднина да допринесеме за подобро родово одговорно буџетирање во оваа област. Индикатори со кои ќе се следи реализацијата на програмата од родов аспект ќе биде бројот на корисници на социјална помош по пол за категориите на граѓани кои се наоѓаат во исклучително тешка состојба и во специфични услови.

| Ред | Број | Проект | Планирано |
|---|---|---|---|

| бр. | на конто | | |
|---|---|---|---|
| 1 | 464120 | Доделување стипендии на ученички/ученици во социјален ризик од општинските основни училишта | 230.000,00 денари |
| 2 | 464120 | Доделување стипендии на талентирани ученички/ученици од општинските основни училишта во областа на науката | 1.000.000,00 денари |
| 3 | 464990 | Првенци на генерација - Награди за полуматуранти | 140.000,00 денари |
| 4 | 464990 | Доделување награди на најдобрите наставнички/наставници | 550.000,00 денари |
| 5 | 425490 | Следење на санитарно-хигиенската состојба во училишните кујни | 150.000,00 денари |
| 6 | 424220 | Обезбедување на училишните објекти | 3.500.000,00 денари |
| 7 | | Дејствувај за подобро орално здравје | 0 денари |
| 8 | 464990 | Поддршка на ученици и наставници за учество на меѓународни натпревари, активности поврзани со промоција на училиштата и општината, како и дополнителна нивна едукација | 300.000,00 денари |
| 9 | 464990 | Награди за училиштата | 120.000,00 денари |
| 10 | | Финансиска поддршка на општинските основни училишта на Општина Центар-Скопје за ангажирање дополнителен технички персонал – хигиеничари | 1.500.000,00 денари |
| 11 | | Купување информатичка опрема | 3.000.000,00 денари |
| 12 | | Одржување на училишните објекти | 500.000,00 денари |
| 13 | | Ден на Општината Центар | 100.000,00 денари |
| 14 | | Купување на училишни ранци за сите првачиња | 500.000,00 денари |
| 15 | 464990 | „Театарот, уметност на емоции“ | 60.000,00 денари |
| 16 | | Купување на униформи за сите ученици од општински основни училишта | 11.000.000,00 денари |
| 17 | | Финансиска поддршка на општинските основни училишта на Општина Центар-Скопје за ангажирање дополнителни одделенски наставници за дневен престој | 1.360.000,00 денари |
| 18 | | „За сите деца“ | 0 денари |
| | | | |
| 21 | 425420 | Систематски прегледи на наставнички/наставниците | 300.000,00 денари |
| 22 | 423710 | Средства за хигиена во училиштата | 1.000.000,00 денари |
| 23 | 421210 | Плаќање сметки за централно греење | 12.000.000,00 денари |
| 24 | | Плаќање сметки за вода и ѓубретарина | 600.000,00 денари |
| 25 | | Плаќање сметки за електрична енергија | 2.000.000,00 денари |
| 26 | 425990 | Трошоци за лични асистенти - „Образование за сите“ | 4.000.000,00 денари |
| | | | |
| 27 | 464990 | Конкурс | 250.000,00 денари |
| | | ВКУПНО: | **44.160.000,00** денари |

1. **ЗАВРШНА ОДРЕДБА**

При реализација на Програмата ќе се води родова статистика со цел во иднина да допринесеме за подобро родово одговорно буџетирање во оваа област. Индикатори со кои ќе се следи реализацијата на програмата од родов аспект ќе биде бројот на корисници по пол кои се финансираат од оваа програма.

Оваа Програма стапува во сила осум (8) дена од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје", а ќе се применува од 1.1.2025 година.

Бр. 08-___ /__
2024 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседател
Виолета Велковска

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Со Програмата еднакво се опфатени сите целни групи за кои има надлежност Одделението за образование преку Општината. Во неа се опфатени разновидни активности што се креирани во соработка со граѓанките/граѓаните и граѓанските организации, како и родителите, ученичките/учениците и наставничките/наставниците, а во интерес на ученичките/учениците и на наставничките/наставниците од осумте општински основни училишта за кои е надлежна Општината.

Очекуваме активностите од оваа Програма да резултираат со создавање поквалитетни услови за учење, раст и развој на сите ученици од Општина Центар-Скопје.

Градоначалникот на Општина Центар-Скопје предлага Нацрт-програмата за образование за 2025 година да биде разгледана и целосно усвоена.

**Општина Центар-Скопје**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**м-р Горан Герасимовски**

________________________